Врз основа на член 138 став (9) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК<br>ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО<br>ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА<br>ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа.

Член 2

Барањето за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се поднесува на образец во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13- 14181/3
18.10.2016 година
Скопје

Министер за финансии
м-р Кирил Миноски

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ИСПРАВНОСТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

Од________________________________________________________________________

(назив на трговското друштво, подносител на барањето)

__________________________________________________________________________

(седиште на трговското друштво, подносител на барањето)

Датум ______________ Подносител на барањето

Место ______________ М.П. (*) ______________________________

(*) За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.